# СОВРЕМЕНА

# ГРЧКА УМЕТНОСТ

КОМИСИЈА ЗА КУЛТУРНИ ВРСКИ СО СТРАНСТВО

# СОВРЕМЕНА ГРЧКА УМЕТНОСТ

ОД 10 ДО 25 МАРТ 1963

СКОПЈЕ

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА

Комисијата за културни врски со странство има пријатна должност на југословенската јавност да ѝ прикаже репрезентативен избор од современите дела на ликовното творештво во соседната и пријателска Грција.
Со изложбата на современата грчка уметност нашата јавност има можност, скоро по цела деценија, повторно да се сретне со творештвото на современите грчки сликари, графичари и скулптори. Со тоа, веруваме ќе се создаде поголемо интересирање што ќе го предизвика оваа изложба, која макар што и во размерите какви може да пружи еден ограничен избор, дава можност за запознавање со некои карактеристични струења што ги раздвижуваат уметничките сили во Грција. Многу имиња од оваа изложба се познати на нашата ликовна публика од поранешните грчки излагања во Белград (1954.), како што ќе се сретне наскоро и атинската јавност со работите на многу уметници што излагаа 1954. година во Атина и Солун, кога ќе биде организирана изложба на современото југословенско сликарство, која се приготвува. Овие изложби доаѓаат во добар час зашто обезбедуваат континуитет на ликовната соработка меѓу ФНРЈ и Грција, што е започната 1953.—1954. година. Организирајќи ги овие изложби во согласност со Планот за културна соработка меѓу двете земји, Комисијата за културни врски со странство е уверена дека ќе придонесат за зајакнувањето на взаимните врски меѓу нашите народи во областа на културата и уметноста, кое несомнено ќе претставува позитивен придонес во развитокот на пријателството меѓу Југославија и Грција.

# БИОГРАФИИ

## АРЛИОТИ ЛИЛИ

Родена е во Атина. Студирала скулптурство и музика во Грција и во странство а историја на уметноста на Универзитетот во Лозана. Член е на стручното уметничко здружение во Атина како и на уметничкото авангардно здружение „Армос".
Почнувајќи од 1948. учествувала во сите панелински изложби како и на разни други приредени во Атина и другите градови на Грција.
Приредила повеќе самостојни изложби почнувајќи од 1955. Од 1957. година учествувала на повеќе изложби во странство. Нејзини дела се наоѓаат во разни збирки во Грција и во странство.

## АСТЕРИАДИС АГИНОР

Роден е во Лариса. Ја завршил Високата школа за ликовни уметности во Атина. Првата своја изложба ја приредил во Атина 1923. година и од тогаш стално учествува на сите поважни изложби, како во Грција така и во странство. Ги украсил со фрески многубројни грчки цркви. Разни приватни и јавни збирки, како во Грција така и во странство откупиле повеќе негови слики.

## ВАСИЛИУ СПИРОС

Роден во Галаксида 1902. Ја завршил Високата школа за ликовни уметности во Атина. Почнувајќи од 1925 учествувал во голем број значителни изложби како во Грција така и во странство. Работи фрески, графика, сценографија и илустрација на книги.

## ВАСИЛИКИОТИС АРИСТОТЕЛИС

Роден во Русија (Еупаторија на Крим) 1902. година. Средна школа завршил во руска гимназија. Сликарство и фреско сликање студирал во Школата за убави уметности во Париз. Приредил повеќе самостојни изложби, и учествувал на сите панелински изложби. Учесвтува на многу грчки изложби во земјата и во странство.

## ВИЗАНТИОС ПЕРИКЛЕС

Се родил 1894. година во Атина а студирал на Школата за убави уметности во Париз и на Академијата Јулиен. Веќе од 1917. година учествува на сите панелински изложби. Тој е еден од основачите на групата „Уметност". Учествувал на разни меѓународни изложби, на Биеналото во Венеција уште од 1914. година, а 1937. на Интернационалната изложба во Париз кога е награден со почесна диплома и медаљон, 1947. година во Штокхолм, 1952. во Чикаго и др. Негови дела се наоѓаат во разни галерии и збирки во земјата и во странство.

## ЈОЛДАСИС ДИМИТРИЕ

Роден е во едно село во Тесалија 1897. година. Ја завршил Школата за ликовни уметности во Атина. Учествувал

на повеќе изложби во Грција, самостојно и на заеднички изложби во Александрија и Њујорк. Слика пејсажи, сцени од селскиот живот и портрети.

## ГУНАРО ЃОРГИ (ГУНАРОПУЛОС)

Роден во Созопол (Бугарија) 1890. година. Учел сликарство во Школата за ликовни уметности во Атина. Стипендијата од задужбинaта на Аверов што му ја доделила школата му овозможила да оди во Париз каде останал до 1931. година, кога се вратил во Грција. Со својата уметност Гунаро се издига сé до сверата на соништа. Неговите предмети, често црпени од грчката митологија се бават со еден свет што е вон реалноста.

## ДАНИЕЛ ДАНИЕЛ

Роден во Трнава во Тесалија. Ја завршил Школата за ликовни уметности во Атина. Патува и борави во повеќе наврати по неколку години во Париз и во градовите на Италија. Во текот на повеќе години бил директор на Уметничката секција во Миконос, а сега веќе седум години е директор на Школата за ликовни уметности во Тинос.

## ДРОСОС ТЕОДОР

Роден во Атина 1919. година. Учел Школа за ликовни уметности во Атина и Париз. Учествувал на повеќе меѓународни изложби, и на панелински изложби.
Негови дела се наоѓаат во пинакотеките во Јанина и Каламата. Веќе 20 години се формираат млади сликари во неговото ателје.

## ЗЕПОС ЕМАНУИЛ

Роден во Атина 1905. година. Ја завршил Школата за ликовни уметности а во Париз се запознал со новите тенденции во уметноста.
Учествувал на разни изложби во Грција и странство; на IV биенале во Александрија 1961. каде неговото дело „Атињанка“ е наградено и откупено.

## ТОМОПУЛОС ЕПАМИНОНДАС

Роден во Патрас 1878. година. Учел во Италија, во Неапул, во Рим и Венеција. 1900. година се истакнал на изложбата во Париз со својата слика „Одалиска“. Од 1903. година исклучиво се посветил на инспирација од грчкото село.
Учествувал на многубројни заеднички изложби и приредил повеќе самостојни. 1915. година е именуван за професор пленер во Школата за ликовни уметности во Атина. 1930. избран е за дописен член на Академијата а 1945. за редовен. 1961. година избран е за претседател на Академијата.

## КАНЕЛИС ОРЕСТИС

Роден е во Смирна 1910. година. Пред војната бил член на „Уметничката група“ а после член на „Статима“. Уче-

ствувал на сите изложби што ги приредиле тие групи во Атина, Солун и странство.
Негови дела се наоѓаат во повеќе приватни збирки во Грција и во странство.

## КОНТОПУЛОС АЛЕКОС

Роден е 1905. година. Студии завршил во Школата за ликовни уметности во Атина и со стипендија на Академијата останал во Париз повеќе години. 1940. година се враќа во Грција каде е поставен за сликар во Народниот археолошки музеј.
Учествувал на повеќе изложби во Грција и странство. Многу негови дела се наоѓаат по приватни и јавни збирки во Грција, Европа и Америка.

## КОСМАДОПУЛОС ЃОРГИ

Роден е во Волос 1895. година, студирал во Германија, Париз и Лондон. Учествувал два пати на Биеналето во Венеција, на сите грчки изложби и на повеќе изложби во странство. Многу негови дела откупила грчката држава како и приватните збирки.

## КИРИАКУ ТЕРПСИ

Родена е во Атина а студирала во Париз во Академијата на Јулиена и кај Андреја Скот; во Австрија кај Оскар Кокошка; Во Луксембург кај С. Соуршек. Излагала во земјата и во странство.

## КОНСТАНТИНИДИС ЕЛЕНА

Родена е во Атина. Дипломирала на Школата за ликовни уметности во Атина. Четири години работела во сликарското ателје на професорот К. Партхенис и две години во ателјето на графичарот Г. Кефалинос.
Учествувала на околу 10 изложби од различни здруженија и во разни градови во Грција, на сите панелински изложби, со слики и графички работи, како и на заедничките изложби во странство.

## ЛАЗАРИС ТЕОДОР

Роден е во Ливадија 1885. година. Учел во Школата за ликовни уметности во Атина. Се ориентирал кон селото а особено го привлекуваат реките на неговата татковина. Византиската уметност многу го занима, проучува цркви и многу икони.
Излага од 1910. година на сите панелински изложби и на повеќе меѓународни биеналеа.

## ЛЕФАКИС ХРИСТОС

Учел во Школата за ликовни уметности во Атина а потоа во Рим. Се занимава со копирање византиски фрески и мозаици и со техниката на модерниот мозаик.
Денеска се смета како еден од најугледните сликари на грчката уметност.

Приредувал самостојни изложби, учествувал на заеднички во Солун, Атина а во странство во Александрија, Париз, Сан Пауло, Фиренца, Чикаго итн.
1962. година избран е за професор по Политехника на Солунскиот универзитет.

## МАРАНГОПУЛУ КУЛА

Родена во Кипартисија. Ја завршила Школата за ликовни уметности во Атина. Од 1947. до 1951. година работела кај Г. Бузианиа. Самостојни изложби имала во Атина 1953. и 1958. година. Учествувала на групни изложби во земјата и во странство.

## МИЛИАДИС СТЕЛИОС

Учел во Кралската Академија во Минхен пет години и во Народната школа за ликовни уметности во Париз, каде се населил по своите студии.
Учествувал на разни изложби во земјата и во странство. Негови дела се наоѓаат во повеќе збирки во Франција и во други земји.

## БЕКИАРИ КУЛА

Родена е во Атина каде учела сликарство и графика, музика и филозофија. Своите уметнички студии ги дополнила во Франција и Италија. Нејзини дела се наоѓаат во јавни и приватни збирки во Женева, Њујорк, Чикаго, Штокхолм, Париз и Атина.
Учествувала на повеќе изложби во странство.

## ПОЛИКНАДРИОТИС АНТОНИЕ

Дипломирал сликарство на Високата школа за ликовни уметности 1925.—1926. година. Четири години студирал во Париз, Мадрид и Рим.
Учествувал на сите панелински уметнички изложби како и на други заеднички организирани во земјата и во странство.

## РЕНГОС ПОЛИКЛИТОС

Роден е во Наксос 1903. година. Завршил студии на Школата за ликовни уметности во Атина. Од 1930 до 1935. година студирал во Лувр, во Академијата de la Grande Chaumière и графика во ателјето на Галанисов.
Од 1926. излагал на повеќе од 20 самостојни изложби во Атина, Солун, Волос, Патрас, Париз, Њујорк, Филаделфија и др.
Учествува на панелинските изложби и на меѓународните во Есенскиот салон (1932.—1952.), во Салонот на слободна уметност (1956.—1960.) каде е редовен член.
1959. година оди во САД како гостин на Американската влада.
1960.—1962. година излага свои дела настанати во Америка, во Атина, Солун и Патрос.
Доделена му е Француска медаља на офицерите на Академијата.
Тој е наставник по цртање на Универзитетот во Солун од 1951 г.

## САНТОРИНЕОС НИКОС

Роден е во Ксилокастро на Коринт (по потекло од Тинос) 1889. година. Студирал сликарство во Школата за ликовни уметности во Атина.
Прва самостојна изложба приредил 1925 година, учествувал на повеќе заеднички изложби и на сите панелински изложби од 1938 година.

## САРАФИАНОС ПАНОС

Роден во Ламија 1919. година. Учел во Школата за ликовни уметности во Атина од 1940.—1945. Од 1956. до 1959. работи во Рим а потоа пак во Атина.
Негови дела се наоѓаат во збирки и галерии во Грција и странство. Почнувајќи од 1952 година учествува на заедничките, панелински и други изложби во земјата и во странство.

## СИКЕЛИОТИС ЃОРГИ

Роден во Смирна 1917. година. Од 1922. година се наоѓа во Атина а студии завршил во Школата за ликовни уметности во Атина 1939. година. Од тогаш учествувал на повеќе изложби во Грција и во странство.

## ЈАНИС СПИРОПУЛОС

Роден во Пилос 1912. година. Дипломирал во Школата за ликовни уметности во Атина. Од 1938.—1940. како стипендиста на Академијата бил во Париз а потоа се вратил во земјата. Учествува на многу заеднички изложби во земјата и во странство како и на Меѓународното биенале во Александрија каде ја добива наградата на Унеско.
1954. година учествува на изложбата на грчките сликари и склуптори во Белград. и на меѓународната изложба на графика во Љубљана. Дела на уметникот се наоѓаат во разни министерства и банки во Грција, во повеќе збирки во Европа и САД; во Музејот за модерна уметност во Белград; во Музејот за ликовни уметности во Остенде и други.

## ТЕТСИС ПАНАЈОТИС

Роден во Хидра 1925. година. Студирал на Школата за ликовни уметности во Атина а 1953 година добил стипендија и ги продолжил студиите во Париз. Од 1951.—1955. година е асистент за слободно цртање на Школата за архитектура во Атина. Тој е еден од оснивачите на Слободната школа за ликовни уметности (1958. година) каде е и наставник.
1962. година доделена му е Наградата на критичарите за делото „Поморска конструкција“ (градежништво).
Се занимава со зидно сликарство.

## КАТРАКИ ВАСА

Родена во Етоликон 1914. година. Дипломирала на Школата за ликовни уметности во Атина, оддел сликарство и графика. Од 1947. година учествувала на повеќе из-

ложби во земјата и во странство. Наградена е со награда во Школата за ликовни уметности во Атина, со прва награда за графика на изложбата на Средоземието во Каиро 1958. година, со премијата на Меѓународната изложба во Луган (1958.) итн.

## СИОТРОПУ-ЃЕОРГИУ НОТА

Родена во Атина 1932. година. Студии за графика завршила како стипендист на Школата за ликовни уметности од 1951. до 1956 година. Своите студии ги дополнува во Италија од 1957.—1960. како стипендист на Академијата за ликовни уметности во Фиренца и Равена. Од јуни 1960. — јуни 1961. живее и работи во Мадрид.
Нејзини дела се наоѓаат во разни збирки во Грција, Франција, Италија, Германија, Хондурас, САД и др.

## А. ТАСОС

Роден е во Месинија а студирал сликарство и графика на Високата Школа за ликовни уметности во Атина, потоа во Париз и Рим.
Учествува на многу изложби во земјата и во странство, како и на меѓународните биеналеа (Токио, Сан Пауло).

## КОРОИАНАКИС АЛЕКОС

Роден е во Мегара во Атика 1906. година. На Високата школа за ликовна уметност студирал сликарство, а се специјализирал за графика. Учествувал на сите уметнички изложби организирани во Атина како и на повеќето изложби во странство: (на Меѓународната изложба во Париз 1937. — златна медаља за графика, ка Биеналето во Александрија 1955. — прва награда за графика) и др .

## ГИАНУКАКИС ДИМИТРИЕ

Ја завршил Школата за ликовни уметности во Дрезден каде студирал седум години. Имал самостојни изложби во Атина, 1930., 1933., 1936. и 1950. година.
Учествувал на сите панелински изложби во Атина, потоа на биеналеа во Венеција; на Меѓународните изложби во Белград 1954. година.

## АПЕРГИС АХИЛ

Роден 1909. година на Крф.
Од 1950. година се ориентира кон модерните тенденции. Учествувал на сите панелински изложби по војната (1948., 1952., 1957. и 1960.), потоа на самостојни изложби во земјата и во странство.
Негови дела се наоѓаат во приватни збирки во Атина, Лондон, Париз и САД.

## ГЕОРГИУ ГЕОРГИ

Роден во Аркадија. Студии за скулптура завршил во Школата за ликовни уметности во Атина од 1943. до 1948. година со повеќе награди. 1958. година учествувал

на првата панелинска изложба по војната и ја добил првата награда за скулптура. Од тогаш учествува на разни изложби на групата „Армос“ чии член е.
1957. година добива државна стипендија за студии во Италија каде останува 3 години, студирајќи керамика на Институтот за керамика во Фиренца. 1962. година се враќа во земјата каде е наставник за керамика во Школата за ликовни уметности во Атина.
Учествувал на разни изложби во странство како и на Меѓународната изложба за керамика во Прага каде доби златна медаља.

## ЗОНГОЛОПУЛОС ЃОРГИ

Роден во Атина 1903. година каде и ја завршил Школата за ликовни уметности. 1949. година студирал во Париз како стипендист на Француската влада а 1953. година во Италија како стипендист на Грчката влада. Прва самостојна изложба приредил 1947. година во Атина.
Учествува во грчките национални салони како и на изложбите во странство. На меѓународниот конкурс за Споменик на непознатиот политички затвореник во Лондон изложена му е макетата што ја избра меѓународниот комитет и ја изложи во Теит Галерија.

## ЛАМЕРАС ЛАЗАР

Роден е во Атина 1913. година каде и завршил студии на Високата школа за ликовни уметности. Студиите ги продолжил во Париз во ателјето на професорот Жан Буше каде ја добил првата награда 1939. година.
На конкурсот за Споменик на непознатиот политички затвореник 1953. година му е доделена награда. 1960. година избран е за професор по Политехника во Атина.

## СОХОС АНТОН

Роден 1895. година на островот Тинос (Киклада) во семејство кое во пет генерации се занимава со скулптура. Ја завршил Школата за ликовни уметности во Атина. 1917. година испратен е во Париз каде работел при Жан Буше и Емил Бурдел. Во повеќе наврати излагал во Есенскиот салон во Париз а 1921. година соборот на членовите му додели титула член — учесник во Салонот. По враќањето во Атина изработил повеќе споменици на херои од првата светска војна. Најважен од тие споменици, посветен на Пироќанци, подигнат е на југословенско-бугарската граница. Учествувал на многубројни изложби во земјата и во странство.

## ТОМБРОС МИШЕЛ

Роден во Атина 1889. година каде и ги завршил студиите за скулптура на Академијата за ликовна уметност. Студиите ги продолжил во Париз а по продолжувањето 1919. именуван е за професор по архитектура. 1938. година преминал за професор на Ликовната академија каде постанал и директор сè до 1960. година.
Излагал во Париз на меѓународни изложби а 1937. награден е со Grand Prix потоа учествувал на групни изложби

во земјата и во странство, на Биеналето во Венеција 1934., 1938. и 1956. во Штокхолм, Каиро, Сан Франциско, Сан Пауло, 1953. во Белград и др.

## КЛОУВАТОС КОСТАС

Роден е во Атина каде студирал скулптура а од 1950. ги продолжил студиите во Париз и 1956. во Италија. Најзначителна скулптура му е „Споменикот на работникот" во Атина. Негови скулптури се наоѓаат во многубројни збирки, установи како во земјата така и во странство.
Учествувал на многубројни изложби, почнувајќи од 1950. година и тоа на панелинските, заедничките во Грција како и на меѓународните, на Интернационалната изложба во Москва 1957. година кога е награден со прва награда за скулптура, на Биеналето во Сан Пауло, Александрија и на други.

## КАПРАЛОС ХРИСТОС

Роден 1909. година во едно село близу Агринион. Школата за ликовни уметности ја завршил 1934. година кога отпатува како стипендист во Париз каде остана сé до 1940. година. Скулптура студираше кај Марсел Жимон. Од своето враќање 1940. па до 1946. година работи во своето село а потоа оди во Атина кајшто излага по ред 1946., 1950., 1953., 1957. На Биеналето во Венеција 1962. година ја претставува Грција.

# КАТАЛОГ

# ГРАФИКИ

| | |
|---|---|
| 1. ВЕНТУРАС НИКОС | 1. Во пристаниште |
| | 2. Порака |
| 2. КАТРАКИ ВАСА | 3. Трипати „добарден“ |
| | 4. Мајка |
| | 5. Сиво ждребе |
| | 6. Црвена фигура |
| 3. СИОТРОПУ-ГЕОРИУ НОТА | 7. Царосело I |
| | 8. Европа |
| | 9. Ранет бик |
| 4. ТАСОС А. | 10. Јуни |
| | 11. Две деца |
| | 12. Плод број 1 |
| | 13. Плод број 2 |
| 5. КОРОЈАНАКИС АЛЕКОС | 14. Едип и Антигона |
| | 15. Меѓупланетарник I |
| | 16. Глад |
| | 17. Затворник |
| 6. ГИАНУКАКИС ДИМИТРИЕ | 18. Гравура (Taille) бр. 1 |
| | 19. Гравура бр. 2 |
| | 20. Гравура бр. 3 |

# СКУЛПТУРИ

| | |
|---|---|
| 1. АПЕРГИС АХИЛ | 1. Опсесија бр. 1 |
| | 2. Опсесија бр. 2 |
| | 3. Опсесија бр. 3 |
| | 4. Опсесија бр. 4 |
| 2. ГЕОРГИУ ЃОРГИ | 5. Глава од девојка |
| | 6. Глава од дете |
| | 7. Глава од туѓинка |
| 3. ЗОНГОЛОПУЛОС ЃОРГИ | 8. Композиција |
| | 9. Два елементи |
| 4. ЛАМЕРАС ЛАЗАР | 10. Фигура на Егеја |
| | 11. Хирошима |
| | 12. Ќерката на бога |
| | 13. Диференции во просторот околу највисоката точка |
| | 14. Три цртежи со мастило |
| 5. СОХОС АНТОН | 15. Грозје |
| | 16. Одлучност — Глава |
| | 17. Дигнехис (Кипар) |
| 6. ТОБРОС МИХАИЛ | 18. Магија |
| | 19. Крупна жена |
| | 20. Цртеж во бои бр. 1 |
| | 21. Цртеж во бои бр. 2 |
| | 22. Цртеж во бои број 3 |
| 7. КЛУВАТОС КОСТАС | 23. Остатоци од катастрофа |
| | 24. Бекство приват. |
| | 25. Пропаст приват. |
| | 26. Уплакана |
| 8. КАПРАЛОС ХРИСТОС | 27. Калаврита |
| | 28. Композиција |
| | 29. Композиција |
| | 30. Кентаур |

# СЛИКИ

| | |
|---|---|
| 1. АРЛИОТИ ЛИЛИ | 1. Композиција<br>2. Круг (Cercle)<br>3. Фигури |
| 2. АСТЕРИАДИС АГИНОР | 4. Бездна<br>5. Пентелис<br>6. Лет (Vollée) |
| 3. ВАСИЛИУ СПИРОС | 7. Море<br>8. Земја<br>9. Земја |
| 4. ВАСИЛИКИОТИС АРИСТОТЕЛИС | 10. Морска композиција<br>11. Длабочина<br>12. Сцена во природа |
| 5. ВИЗАНТИОС ПЕРИКЛЕС | 13. Хидра<br>14. Пејзаж<br>15. Пристаниште |
| 6. ЈОЛДАСИС ДИМИТРИЕ | 16. Пат во планина<br>17. Пејзаж од Родос<br>18. Маслини на Крф |
| 7. ГУНАРО (ГУНАРОПУЛОС) ЃОРГИ | 19. Стебло на морски пејзаж<br>20. Риби на морски пејзаж<br>21. Фигура од жена на морски пејзаж |
| 8. ДАНИЕЛ ДАНИЕЛ | 22. Пристаниште во Хидра<br>23. Цвеќе<br>24. Цвеќе |
| 9. ДРОСОС ТЕОДОР | 25. Птици<br>26. Јастози (Crabes)<br>27. Сликар |
| 10. ЗЕПОС ЕМАНУИЛ | 28. Рибари број 1<br>29. Рибари број 2<br>30. Пелопонез |
| 11. ТОМОПУЛОС ЕПАМИНОНДАС | 31. Пролет бр. 1<br>32. Пролет бр. 2<br>33. Пролет бр. 3 |
| 12. КАНЕЛИС ОРЕСТИС | 34. Жени и деца<br>35. Девојки на брег |
| 13. КОНТОПУЛОС АЛЕКОС | 36. Мојата земја<br>37. Слика<br>38. Композиција |
| 14. КОСМАДОПУЛОС ЃОРГИ | 39. Полско цвеќе (Експонатот не е изложен)<br>40. Пејзаж од Крф |
| 15. КИРИАКУ ТЕРПСИ | 41. Фигура бр. 1<br>42. Фигура бр. 2<br>43. Есен |
| 16. КОНСТАНТИНИДИС ЕЛЕНА | 44. Ноктурно во шума<br>45. Декорација<br>46. Огнена птица |
| 17. ЛАЗАРИС ТЕОДОР | 47. Пејзаж (Livadia)<br>48. Самрак<br>49. Пејзаж (Livadia) |
| 18. ЛЕФАКИС ХРИСТОС | 50. Слика 1962.<br>51. Слика 1962.<br>52. Слика 1962. |
| 19. МАРАНГОПУЛУ КУЛА | 53. Хидра<br>54. Парк<br>55. Пристаниште |
| 20. МИЛИАДИС СТЕЛИОС | 56. Пејзаж од Африка<br>57. Пејзаж<br>58. Пејзаж |

21. БЕКИАРИ КУЛА

59. Бел чун
60. Тагување
61. Самрак во шума

22. ПОЛИКНАДРИОТИС АНТОНИЕ

62. Островот Тасос
63. Островот Тасос
64. Островот Тасос

23. РЕНГОС ПОЛИКЛИТОС

65. Бура
66. Маслина
67. Облаци

24. САНТОРИНЕОС НИКОС

68. Грабнување на Европа
69. Санторини — Композиција
70. Композиција

25. САРАФИАНОС ПАНОС

71. Крик II (Cri)
72. Крик III
73. Фигури

26. СИКЕЛИОТИС ЃОРГИ

74. Композиција
75. Композиција
76. Композиција

27. СПИРОПУЛОС ИВАН (ЈАНИС)

77. Кранаос бр. 4
78. Алиндра бр. 6
79. Мит.

28. ТЕТСИС ПАНАЈОТИС

80. Куќи
81. Предмети и маса
82. Куќи

Графички Завод „Гоце Делчев“ — Скопје